РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-172/2
19-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК) на 67 - та седница одржана на ден 13.05.2022 година, ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката за утврдување на прекршување на ограничувања предвидени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси заведена под бр. 09-5160/1 од 19.11.2021 година, оформена по доставена пријава од познат подносител против лицето --------, член на Советот на ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, но поради промена на фактичката состојба ДКСК нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 19.11..2021 година, поднесена е пријава против лицето -------, член на Советот на --------- и оформен е предмет број 09-5160/1 од 19.11..2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека лицето -------, член на Советот на ---------, е вработено во Противпожарна единица ---------- на работно место пожарникар водич на група за противпожарна заштита во противпожарен вод на општина --------, по што оваа состојба е спротивна на член 44 од Законот за локална самоуправа.

ДКСК изврши проверка на наводите од пријавата и ја утврди следната фактичка состојба: лицето ------- е вработено во општина -------- на работно место со звање – Водич на група за противпожарна заштита во Противпожарниот Вод во општина ------- и е избран на Локалните избори одржани во октомври 2021 година за член на Советот на Општина -------. Од страна на Градоначалникот на општина ------- е донесено Решение за мирување на права и обврски од работен однос со бр. 04-1454/4 од 21.12.2021 година, врз основа на кое на

вработениот ---------- му мируваат правата и обврските од работен однос сметано од 20.12.2021 година до престанок на мандатот за член на Советот на општина ----------.

Имено, по извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за локална самоуправа доставено е Известување за постапување со бр. 09-1378 од 06.12.2021 година во кое е констатиран судир на интерес и е укажано дека е потребно вработениот ------- итно да го стави во мирување својот работен однос доколку одлучи понатаму да ја извршува функцијата член на Советот на Општина -------. Од страна на Општина ---------- било доставено писмено известување до вработениот ---------- со бр. 37-1454/3 од 15.12.2021 година со кое му бил даден рок од 3 дена за давање на отказ/оставка од член на Советот на општината со укажување дека по истекот на овој рок работниот однос ќе му биде ставен во мирување, по што вработениот ---------- по истекот на дадениот рок не доставил писмен одговор и Градоначалникот одлучил неговиот работен однос да го стави во мирување согласно член 44 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оттука, на седницата одржана на ден 13.05.2022 година, ДКСК констатира дека службеното лице --------- спротивно од член 44 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и спротивно од член 44 став 3 од Законот за локалната самоуправа од како бил избран за член на Советот на Општина --------- не бил ставен во мирување неговиот работен однос во општина -------, по што истото е спроведено подоцна од страна на Градоначалникот на Општина --------- и настаната е промена на фактичката состојба.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: К.З. - раководител
Одобрил: М-р В.Г. - член на ДКСК